# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 5 | Петок, 15 април 2016 год. |
| --- | --- |

*www.strumica.gov.mk*

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица**


| Рег. бр. | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **66.** | **Буџетски календар** за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2017 година ...................... | 2 |
| **67.** | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2016 година …….. | 4 |
| **68.** | **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година …………… | 5 |
| **69.** | **Одлука** за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на еден извршител во ЈПЕД „Струмица - гас“ Струмица …………………………… | 6 |
| **70.** | **Одлука** за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на двајца извршители во ЈП „Паркиралишта-Струмица “ Струмица ............... | 6 |
| **71.** | **Одлука** за донесување на Детален урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 – 2019 ................................ | 7 |
| **72.** | **Одлука** за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Струмица за период 2016 - 2020 година . | 8 |
| **73.** | **Одлука** за подготовка и имплементација на проект “Креирање на општинска културна мрежа” (Акроним: “CMCNET”) ... | 8 |
| **74.** | **Одлука** за подготовка и имплементација на проект “Заштитни мерки за управување со животната средина” (Акроним: “RE-PRACTICE-REcycling”) .... | 9 |
| **75.** | **Одлука** за подготовка и имплементација на проект “Промоција на туризмот и културата преку водните ресурси” (Акроним: “ToCulter”) ................................ | 10 |
| **76.** | **Одлука** за утврдување на приоритет на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“ .................................................... | 11 |
| **77.** | **Одлука** за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“ ........................................................ | 11 |
| **78.** | **Решение** за предлагање член во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица ... | 12 |
| **79.** | **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на СОУ „Јане Сандански“ Струмица за 2015 година ....................................................... | 12 |

80. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица за 2015 година ..................................................... 13
81. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на СОУ „Никола Карев“ Струмица за 2015 година ..................................................... 13
82. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ„Герас Цунев“ Просениково, за 2015 година ............................................. 14
83. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ„Гоце Делчев“ Вељуса за 2015 година ..................................................... 14
84. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ„Кирил и Методиј“ Дабиле за 2015 година ...................................................... 14
85. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ„Даме Груев“ Куклиш за 2015 година ..................................................... 15
86. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ „Маршал Тито“ Муртино за 2015 година . 15
87. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица за 2015 година ..................................................... 16
88. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ „Видое Подгорец“ Струмица за 2015 година ..................................................... 16
89. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ „Сандо Масев“ Струмица за 2015 година . 17
90. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООУ „Маршал Тито“ Струмица за 2015 година 17
91. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ООМУ „Боро Џони“ Струмица за 2015 година ..... 17
92. **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка со финансов извештај на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2015 година 18
93. **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПКД “Комуналец” Струмица за периодот I-XII месец - 2015 година ................................. 18
94. **Заклучок** за давање согласност на Годишниот извештај за работа на ЈПКД “Комуналец” Струмица за 2015 година ... 19
95. **Заклучок** за давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2015 година ........................ 19
96. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за хипотека од прв ред на недвижност на ЈПКД „Комуналец“ Струмица .................................................. 20

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2017 година

Се објавува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2017 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-2885/2 | Општина Струмица |
| 15.04.2016 год. | Градоначалник, |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

.....................................

**66.**

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина

Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**Буџетски календар**
**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица**
**за 2017 година**

1. Со Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2017 година, се утврдуваат следните рокови и активности:

| **Можен датум** | **Б у џ е т с к и а к т и в н о с т и** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| Април-мај 2016 | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина Струмица |
| Мај-јуни 2016 | Совет на општината усвојува развојни документи | Совет на општина Струмица |
| 1-30 09/2016 | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општината | Чл.21 од Законот на Буџетите (“Сл.весник на РМ“ бр. 61/04); чл.27 ст.1 и 2 од Законот за финансирање на ЕЛС (“Сл.весник на РМ” бр.61/04) |
| 05/10/ 2016 | Градоначалникот и Секторот за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година имајќи ги во предвид добиените барања и иницијативи од граѓаните,НВО,институции од областа на културата и спортот и други | Градоначалникот, Секторот за финансиски прашања |
| 10/10/ 2016 | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатства се доставуваат до другите сектори и сите општински буџетски корисници заедно со писмото од Градоначалникто за зацртаните одредби | Сектор за финансиски прашања |
| 20/10/ 2016 | Градоначалникот подготвува предлог план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот/Министерство за финансии и истиот го доставува на одобрување до Советот | Градоначалник |
| 25/10/ 2016 | Проценката на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Секторот за финансиски прашања од останатите сектори и општинските буџетски корисници | Раководители на сектори Буџетски корисници |
| 30/10/ 2016 | 1. Се собираат буџетските барања од граѓаните на собири на МЗ и други организирани форми на консултации со сите учесници во буџетскиот процес(НВО,спорт, култура и др.)<br>2. Барањата се анализират усогла-суваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Сектор за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| 15/11/ 2016 | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој и тој станува составен дел на Предлог-буџетот | Совет на општина |
| Ноем-ри 2016 | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог-буџетски пресметки и го одобрува Предлог-буџетот подготвен од Секторот за финансиски прашања | Градоначалник |
| Ноем-ври 2016 | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>б. Се одобрува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни расправи, јавни тибини, анкети, предлози на граѓани и форуми на заедници | Градоначалник |
| Декем-ври 2016 | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на градоначалникот | Градоначалник |
| Декем-ври 2016 | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансии |
| Декем-ври 2016 | 1.Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година<br>2.Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл. 28 ст. 2 од Законот за финансирање на ЕЛС (“Сл. весник на РМ” бр.61/04) | Совет на општина Струмица |

2. Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-2885/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2016 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2886/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**67.**

Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2016 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2016 година („Службен гласник на општина Струмица” бр. 15/15) се вршат следните измени и дополнувања:

Во член 9 став 1 се менува и гласи:

„Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно, коефициентот за исплата на платата на градоначалникот изнесува 3,4 а основицата изнесува 26.755 денари, а вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот на општината, а за другите вработени што немаат статус на административни службеници ке се применува Законот за плати."

Ставовите 2 и 3 од член 9, се издвојуваат во посебен член „9-а".

Член 2

Во член 13 став 2 се менува и гласи:

„Јубилејни награди се исплаќаат во согласност со член 80 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа во РМ, каде е наведено дека за непрекината работа во ист орган, односно организација, на работникот му се исплатува јубилејна награда определена со акт на работодавецот, врз основа на месечна просечна плата остварена во стопанството на Републиката".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-2886/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2887/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................................

**68.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година**

Член 1

Вредноста на бодот за утврдување на платите на државните службеници за 2016 година, изнесува 76,80 денари .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица", а ќе се применува за исплата на платите во 2016 година.

Бр.08-2887/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на еден извршител во ЈПЕД „Струмица - Гас" Струмица

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на еден извршител во ЈПЕД

„Струмица - Гас“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2888/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**69.**

Врз основа на член 22 став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на еден извршител во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица**

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на еден извршител – помошно техничко лице во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица, поради привремено зголемен обем на работа.

Член 2

Се одобрува склучување на договор за вработување на определено време помеѓу ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица Струмица и извршителот – помошно техничкото лице.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2888/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на двајца извршители во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на двајца извршители во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2889/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**70.**

Врз основа на член 22 став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на двајца извршители во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица**

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на двајца извршители (еден давател на јавна услуга и едно помошно-техничко лице) во ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица, поради привремено зголемен обем на работа.

Член 2

Се одобрува склучување на договорите за вработување на определено време помеѓу ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица и двајцата извршители.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2889/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 - 2019

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 - 2019, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2890/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**71.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Детален urbанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица плански период 2014 - 2019**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 - 2019.

Член 2

Деталниот урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 - 2019, е со површина од 390 м² и со граничен опфат:

`- Од југоисток со катастарска парцела бр. 3786/2; и
-Од исток и запад со улиците „Кочо Рацин“ и „Кирил и Методиј“.

Член 3

Деталниот урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 - 2019, е изработен од Друштвото за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности „Вектор 90“ дооел - Струмица со техн. број 015-2609/2014 од јануари 2016 година и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план за една парцела, на КП бр. 3786/1, дел од Блок 14 (Блок 30 Урбана единица 2 согласно ГУП на град Струмица) - општина Струмица, плански период 2014 - 2019, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-2890/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Струмица за период 2016 - 2020 година

Се објавува Одлуката за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Струмица за период 2016 - 2020 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2891/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**72.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Струмица за период 2016 - 2020 година**

Член 1

Се донесува Стратегијата за локален економски развој на Општина Струмица за период 2016 - 2020 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Стратегијата за локален економски развој на Општина Струмица за период 2016 - 2020 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2891/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за подготовка и имплементација на проект “Креирање на општинска културна мрежа” (Акроним: “CMCNET”)

Се објавува Одлуката за подготовка и имплементација на проект “Креирање на општинска културна мрежа” (Акроним: “CMCNET”), донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2892/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**73.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за подготовка и имплементација на проект “Креирање на општинска културна мрежа” (Акроним: “CMCNET”)**

Член 1

Се прифаќа подготовка и имплементација на проект “Креирање на општинска културна мрежа” (Акроним: “CMCNET”) со кој општина Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на првиот Повик за проектни предлози, од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB009.

Член 2

Носител на проектот е Центарот за култура од регионот Централна Македонија - Република Грција, а партнер во имплементацијата на проектот е општина Струмица - Република Македонија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 1 - Развој и поддршка на локалната економија, Специфична цел 1.3 - Подобрување на атрактивноста и промовирање на туризмот во прекуграничниот регион, со цел за зголемување на вработеноста во областа на туризмот.

Член 4

Се задолжува Одделението за меѓународна соработка и европски фондови при општина Струмица да учествува во изработката на проектот и да ги превземе сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набават во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-2892/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

...................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за подготовка и имплементација на проект "Заштитни мерки за управување со животната средина" (Акроним: "RE-PRACTICE-REcycling")

Се објавува Одлуката за подготовка и имплементација на проект "Заштитни мерки за управување со животната средина" (Акроним: "RE – PRACTICE - REcycling"), донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2893/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**74.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за подготовка и имплементација на проект "Заштитни мерки за управување со животната средина" (Акроним: "RE-PRACTICE-REcycling")**

Член 1

Се прифаќа подготовка и имплементација на проект "Заштитни мерки за управување со животната средина" (Акроним: "RE-PRACTICE-REcycling") со кој општина Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на прввиот Повик за проектни предлози, од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB009.

Член 2

Носител на проектот е општина Даутбал, Солунски округ - Република Грција, а партнер во имплементацијата на проектот е општина Струмица - Република Македонија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 2 - Заштита на животната средина - транспорт, Специфична цел 2.2 - Одржливо управување и рециклирање на биолошки отпад.

Член 4

Се задолжува Одделението за меѓународна соработка и европски фондови при општина Струмица да учествува во изработката на проектот и да ги превземе сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набават во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2893/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за подготовка и имплементација на проект “Промоција на туризмот и културата преку водните ресурси” (Акроним: “ToCulter”)

Се објавува Одлуката за подготовка и имплементација на проект “Промоција на туризмот и културата преку водните ресурси” (Акроним: “ToCulter”), донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2894/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**75.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за подготовка и имплементација на проект “Промоција на туризмот и културата преку водните ресурси” (Акроним: “ToCulter”)**

Член 1

Се прифаќа подготовка и имплементација на проект “Промоција на туризмот и културата преку водните ресурси” (Акроним: “ToCulter”) со кој општина Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на првиот Повик за проектни предлози, од Интерreg-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB009.

Член 2

Носител на проектот е Фондот за регионален развој на Централна Македонија - Република Грција, а партнер во имплементацијата на проектот е општина Струмица - Република Македонија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 1 - Развој и поддршка на локалната економија, Специфична цел 1.3 **-** Подобрување на атрактивноста и промовирање на туризмот во прекуграничниот регион, со цел за зголемување на вработеноста во областа на туризмот.

Член 4

Се задолжува Одделението за меѓународна соработка и европски фондови при општина Струмица да учествува во изработката на проектот и да ги превземе сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набават во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2894/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на Проект за изведба на

„Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2895/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**76.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритет на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“**

Член 1

Се утврдува приоритет на Проект за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини - изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш “ населено место Куклиш, Општина Струмица (Мерка 124).

Член 2

Со утврдениот приоритет на Проект ќе се аплицира на Јавниот повик 06/2016 на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за Мерката 124. Инвестиции за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за Точка 1. Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште; за добивање средства за негова реализација

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-2895/1 Совет на општина Струмица
15.04.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“

Се објавува Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.04.2016 година.

Бр.09-2896/2 Општина Струмица
15.04.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**77.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.04.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на Проект за изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш“**

Член 1

Со Оваа Одлука, Советот на општина Струмица дава согласност за намена на инвестицијата за реализација на Проект за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини - изведба на „Пристапен пат до земјоделско земјиште во населено место Куклиш “ населено место Куклиш, Општина Струмица (Мерка 124).

Член 2

